**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**
ул. 16-та Македонска Бригада бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071356241; студентски прашања 075258119;
www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-227/2**
**23.6.2020 година**

Врз основа на член 173, 174 и 175 точка 1 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр.82/2018) и член 4 и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демнонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018) и член 58 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.467/2019), Наставно научниот совет на својата 10 (десетта) редовна седница одржана на ден 23.6.2020 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за избор на вонреден професор

### Член 1
Се усвојува извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот бр.1216 од 1 јуни 2020 година.

### Член 2
Доцент д-р Бојан Симовски се избира во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205), врз основа на рецензијата и спроведената постапка на факултетот за избор на вонреден професор.

### Член 3
Со изборот во наставно-научно звање вонреден професор д-р Бојан Симовски заснова работен однос за времето за кое е извршен изборот согласно член 175 став 1 од Законот за високо образование.

### Член 4
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е
На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205), во дневните весници: „Нова Македонија“ и „Коха“ на 17.2.2020 година, се пријави кандидатот д-р Бојан Симовски, доцент од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.
Извештајот на рецензентската комисија е објавен во Билтен на Универзитетот бр. 1216 од 1 јуни 2020 година.
Наставно научниот совет на седницата одржана на ден 23.6.2020 година, едногласно го усвои предлогот на рецензентската комисија и ја донесе горенаведената одлука како во диспозитивот.

**Одлуката да се достави до:**
- именуваниот,
- сметководство,
- архива,
- досие ✓

**декан**

**проф. д-р Кирил Сотировски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1216

Скопје, 1 јуни 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектор:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1216 ОД 1 ЈУНИ 2020 ГОДИНА

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Лука Радовиќ, Сандра Стојковска, Мито Велчев, Софија Андоновска, Ивана Бојковиќ, Предраг Ристески, Андреј Дојчиновски**)................................................8

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област геотехника и друго на Градежниот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Јосиф Јосифовски**)................................................9-34
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Димитар Цековски, Кристина Ангелеска, Надица Караманова, Ана Андонова, Љупчо Атанасовски, Куштрим Авдији**)................................................35

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области 22500 – животна средина и 20503 – математичко моделирање и симулација на енергетски процеси на Машинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Ана М. Лазаревска**)................................................36-53

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: судска медицина, форензичка психијатрија, медицинска етика и деонтологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Рената Јанкова**)................................................54-69
2. Реферат за избор на едно лице во научни звања во научните области: биохемија (медицинска хемија) и клиничка биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Јулијана Брезовска-Кавракова**)................................................70-80
3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Елена Костова**)................................................81-91
4. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: хирургија и дигестивна хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Реџеп Сељмани**)................................................92-102
5. Реферат за избор на два асистента по предметот **Ортопедски болести** на Медицинскиот факултет во Скопје (**асистент докторанд д-р Александар Јакимовски, асистент докторанд д-р Александар Савески, д-р Антонио Гавриловски, д-р Александар Трајановски, д-р Нерон Поповски, д-р Вилијам Велковски, д-р Милена Богојевска Доксевска**)................................................103-121
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Неутрофил желатинозен асоциран липокалин (NGAL) како можен биомаркер кај мултипла склероза** од **д-р Диелор Ризај**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје................................................122-134
7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ендоскопска транссфеноидална хипофизектомија верзус микроскопска транссфеноидална хирургија: евалуација на добиените резултати од обете технологии за лекување на питуитарните аденоми** од **д-р Роберт Шумковски**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје................................................135-143
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Неопиоидна анестезија кај лапароскопски операции на жолчното ќесе** од **д-р Марија Толеска Донеска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје................................................144-152

9. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Евалуација на појавата на анална инконтинеција по вагинално породување, ризик-фактори и влијание врз квалитетот на животот** од **ас. д-р Роса Спасова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.......153-159

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Надица Јанева**).......160-177
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Процена на краниофацијалните и дентоалвеоралните структури кај индивидуи со различен тип на вертикален раст** од **м-р д-р Марија Манева Ристовска**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.......178-185

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) математика, програмирање и математичка статистика и операционо истражување на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**доц. д-р Павел Димовски**).......186-196

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) генетика и селекција на домашни животни на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**доц. д-р Никола Адамов**).......197-212
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Идентификување на индикатори за однесување на животните и воспоставување зоохигиенски стандарди од аспект на благосостојбата на животните** од **Мирослав Ќосевски, двм,** пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.......213-224

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Класификација на нарушувањата на напонските сигнали во електроенергетската мрежа во реално време** од **м-р Марија Марковска**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии.......225-231

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. **Исправка** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета кинезиологија на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, објавен во Билтен бр. 1215 од 15.5.2020 година на страна 339 (**доц. д-р Влатко Неделковски**).......232-233

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области фармакогенетика (30603) и имунохемија (30605) на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Надица Матевска-Гешковска**).......234-249
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Јелена Ацевска**).......250-272
3. Реферат за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применета хемија и фармацевтски инструментални анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Наталија Наков, доц. д-р Лилјана Анастасова**).......273-304
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) фармацевтска хемија (30600) и фармакоинформатика (30601) на

Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Александра Капедановска Несторовска**, **доц. д-р Зорица Наумовска**)........................................................305-354
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Марија Карапанџова**).............................................................355-383
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научните области храна и исхрана и фармацевтска токсикологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Тања Петреска Ивановска**).................................................384-403

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) семејно право (50819), социјално право (50821), управно право (50802), човекови права и слободи (50818), системи на социјална заштита (51204) и трудово право (50805) на Филозофскиот факултет во Скопје (**проф. д-р Наташа Богоевска**)..........................................................................................................404-423
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: теорија на социјална работа (51201), методики на социјална работа (поединец, група, локална заедница (51205), социјален развој (51202), системи на социјална заштита (51204) и социјална политика (51200) на Филозофскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Светлана Трбојевиќ**)................................................................424-443
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Деспина Миладиновска**)..........................................................................................................444
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Сања Ангеловска, м-р Калтрина Салиху**)........................................................................445

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на редовен професор во наставно-научните области: германистика, методика на јазик, преведување (**Теорија на преведувањето и на толкувањето**) и учење странски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**вонр. проф. д-р Емина Авдиќ**).........................................................................................446-479
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) англистика (**Современ англиски јазик**), применета лингвистика (**Вовед во применета лингвистика**) и компаративна лингвистика (**Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик**), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Мира Беќар**)................................................................480-499
3. Реферат за избор на вонреден професор во наставно-научните области: преведување, англистика и компаративна лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Милена Саздовска Пигуловска**)................................................500-520
4. Реферат за избор на двајца лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**м-р Ивана Дуцкиноска, м-р Маја Јошевска-Петрушевска, м-р Илина Стојановска-Кацхинске, Јане Божиновски**)............521-547

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205) на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**доц. д-р Бојан Симовски**)....................................................................548-562

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник во научното подрачје општествени науки, научното поле економски науки, наставно-научната област економски развој, на Економскиот институт во Скопје (**доц. д-р Владимир Петковски**)............................................563-582

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ХОРТИКУЛТУРА (41007), ДРУГО (41008), БОТАНИКА (10202) И ЕКОЛОГИЈА (10205) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), Факулет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринх „Ханс Ем“ (ФШНПАЕ „Ханс Ем“), објавен во весниците „Нова Македонија“ (стр. 25) и „Коха/Koha“ (стр. 8) од 17.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно- научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-125/2, донесена на 17.3.2020 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јане Ацевски од УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“, проф. д-р Јасминка Ризовска Атанасовска од УКИМ -ФШНПАЕ „Ханс Ем“ и проф. д-р Митко Костадиновски од Природно-математичкиот факултет во Скопје (ПМФ) во состав на УКИМ.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205), во предвидениот рок се пријави доц. д-р Бојан Симовски од УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

**21. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот доц. д-р Бојан Симовски е роден на 4 октомври 1982 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје, на 8 јуни 2001 година. Со високо образование се стекнал на УКИМ - Шумарски факултет во Скопје (УКИМ-ФШНПАЕ „Ханс Ем“), на 3 мај 2007 година, кога дипломирал со просечен успех 9,02.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, пасивно со германскиот јазик и има основни познавања од албанскиот јазик. Исто така, одлично се користи со современите компјутерски вештини.

Во учебната 2007/2008 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Шумарскиот факултет во Скопје (УКИМ-ФШНПАЕ „Ханс Ем“). Студиите ги завршил на 16 мај 2011 година, со просечен успех 10,00 и одбрана на магистерскиот труд на тема: *Дендрофлористички карактеристики на Националниот парк „Маврово“*.

Докторска дисертација пријавил на 29 декември 2014 година на УКИМ - Шумарски факултет во Скопје (УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“). Дисертацијата на тема: *Природни сукцесии во шумите од Националниот парк „Маврово“* ја одбранил на 6 јули 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Коле Василевски, претседател, проф. д-р Јане Ацевски, ментор, проф. д-р Никола Николов, вонр. проф. д-р Влатко Андоновски и вонр. проф. д-р Николчо Велковски, сите од УКИМ - Шумарски факултет во Скопје (УКИМ-ФШНПАЕ „Ханс Ем“). Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на шумарски науки од научните области: ботаника (10202), екологија (10205) и друго (41008).

На 15 септември 2015 година е избран во звањето доцент на УКИМ - Шумарски факултет во Скопје (УКИМ-ФШНПАЕ „Ханс Ем“), во областите: хортикултура (41007), друго (41008) и екологија (10205), и тоа е неговото моментално звање. Овој реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1106 од 1 септември 2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, односно од неговиот избор во соработничко звање - помлад асистент приправник, помлад асистент и асистент (избор и преизбор) и во наставно-научно звање - доцент, редоследно објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 922 од 15 јуни 2007 година, бр. 965 од 1 јули 2009 година, бр. 1012 од 15 јули 2011 година, бр. 1079 од 16 јуни 2014 година и бр. 1106 од 1 септември 2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на

кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 22. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“, кандидатот доц. д-р Бојан Симовски изведува предавања, вежби и теренска настава, односно е ангажиран како предметен наставник на прв циклус студии за предметните програми: Ботаника, Урбана дендрологија и Познавање на дрвото, како и на втор циклус студии за предметните програми: Ботаника 2 и Урбана дендрологија 2.

Кандидатот бил ментор на девет дипломски работи.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на седум дипломски работи и два магистерски труда.

Досега, кандидатот остварил голем број консултации со студенти и подготвил пакет е-материјали за предметите Ботаника и Урбана дендрологија. За овие предмети, активно учествувал во изготвување нови содржини акредитирани од учебната 2018/2019 година, во рамки на проект за развој на наставните програми на УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“. Исто така, кандидатот е коавтор на една стручно-популарна статија во стручно списание.

Наставата ја изведувал на завидно педагошко рамниште, ползувајќи ги стекнатите искуства во научноистражувачката и стручно-применувачката работа со бројните контакти што ги остварил кај нас и во меѓународни рамки. Притоа, со дел од стручните лица извел и повеќе заеднички часови, претставувајќи им ги на неговите студенти успешните професионалци.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 2) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Доц. д-р Бојан Симовски има објавено вкупно пет научни трудови од соодветните области, од кои како коавтор на два научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание). Од особен интерес е учеството во трудот со наслов „Where are Europe’s last primary forests?“, објавен во престижното списание за областите (според „Web of Science“): зачувување на биолошката разновидност, екологија, биологија и за животна средина, „Diversity and Distributions“, со „IF“ = 4,092 (во 2018 година). Вториот труд со наслов „Genetic diversity of the sweet chestnut (*Castanea sativa* Mill.) in Central Europe and the western part of the Balkan Peninsula and evidence of marron genotype introgression into wild populations“ е објавен во меѓународното научно списание за областите (според „Web of Science“): шумарство, растителни и анимални науки, генетика и наследување и за хортикултура, „Tree Genetics & Genomes“, со „IF“ = 1,829 (во 2017 година). Останатите три труда се објавени во научни списанија, од кои еден без фактор на влијание во годината кога е објавен, но индексиран во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет и уште еден кој, како и овој, е објавен во земја членка на Европската Унија и ОЕЦД, а сите рецензирани во референтни научни публикации. Кандидатот, како коавтор, објавил и еден дата-сет во Глобалниот регистар на интродуцирани и инвазивни видови.

Кандидатот доц. д-р Бојан Симовски рецензирал десетина научни/стручни трудови за „Forest review“ (УКИМ-ФШНПАЕ „Ханс Ем“), „Environmental Pollution“ („Elsevier Sci. Ltd.“, Англија), „Environmental Monitoring and Assessment“ („Springer Nature“, Холандија), „Annales Botanici Fennici“ (Фински зоолошки и ботанички издавачки одбор на Универзитетот во Хелсинки), „Cerne“ (Сојузен универзитет во Лаврас, Бразил), „Forestry Ideas“ (Универзитет за шумарство во Софија, Бугарија) и за „Glasilo Future“ (Здружение „Футура“, Шибеник, Хрватска).

Кандидатот активно учествувал во повеќе меѓународни научни и стручни собири и како коавтор презентирал реферати (усна презентација/постер), кои се објавени како апстракти од научно/стручно излагање на конференција во зборници кога не е објавен целиот труд.

Доц. д-р Бојан Симовски бил соизготвувач на еден завршен научноистражувачки извештај.

Кандидатот бил ментор на еден магистерски труд.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табела во Образец 2, според Анекс 1 (член 3) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот доц. д-р Бојан Симовски остварил експертски активности, самостојно или како соработник со други автори реализирал повеќе стручно-применувачки трудови и развојни проекти, односно евалуација, стручна ревизија, студии, елаборати, технички извештаи, програми и сл. За истакнување е учеството како член на експертскиот тим за приоритетна Национална црвена листа за загрозени растенија во рамки на првата Национална црвена листа на загрозени видови според ИУЦН, како и експертска вклученост во инвентаризација на урбаната дендрофлора во рамки на активноста „Зелен катастар на Град Скопје“. Исто така, кандидатот е ревидент на техничка документација за фаза: дендрологија и ботаника во рамки на Основниот проект за изградба на стакленик за алохтони растенија во ботаничка градина во Скопје.

Кандидатот покажува активност и во дејностите од поширок интерес. Вклучен е во работата на стручни комисии и работни групи како член од УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“:

- Потсекторската постојана група за цвеќе и украсни дрвја во МЗШВ;
- Работна група за подготовка на VI Национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност во МЖСПП;
- Меѓуресорска работна група за планината Водно во Скопје: „Водно 2018“;
- Интернет-форум за инвазивни видови на Обединетите нации (ад-хок техничка експертска група): „Online Discussion Forum to Develop Elements of Tools and Technical Guidance on Management Measures on invasive alien species“.

Доц. д-р Бојан Симовски активно е вклучен како член во работата на бројни комисии на УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“, и тоа во: Конкурсна комисија за запишување студенти во прв и втор циклус студии, Интерна конкурсна комисија за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ на УКИМ, Комисија за изработка на Статут, Комисија за спроведување годишен редовен попис, Избирачки одбор за спроведување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, Комисија за систематизација на работните места, Поткомисија за евалуација на студиски програми итн.

Кандидатот учествувал во уредувачкиот одбор за издавање на монографија по повод 70 години од основањето на УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“, а на голем дел од меѓународните научни (конференции и конгреси) и стручни собири (работилници) во кои учествувал, бил член на научен одбор и раководител на сесија. Покрај тоа, доц. д-р Бојан Симовски е член на неколку меѓународни уредувачки одбори на научни и научно-стручни списанија од областа.

Во изборниот период, доц. д-р Бојан Симовски учествувал како член на националниот експертски тим за развој на модуларизирани наставни програми базирани на компетенции („ССО-4г“), спроведуван од ФИТР и МОН, како и елаборатот за развој на предметните програми на УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“. Исто така, кандидатот се јавува и како ментор на студенти во стручно-применувачки проект.

За одбележување се и промотивните активности на Факултетот како координатор и член, потоа активностите поврзани со струката, организациски, фотографски, ИКТ-активности (коавтор и администратор на интернет-страницата на УКИМ-ФШНПАЕ „Ханс Ем“), член на Центарот за кариера на Факултетот (ЦЕПРОК), администратор на „Ризница на трудови“ на УКИМ за УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“, како и членства во тела на струкови организации.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 5) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот доц. д-р Бојан Симовски, во Извештајот за самоевалуација за периодот 2014 - 2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на УКИМ - ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Бојан Симовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Бојан Симовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доц. д-р Бојан Симовски да биде избран во звањето **вонреден професор** во научните области: хортикултура (41007), друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јане Ацевски, с.р.**
**Проф. д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, с.р.**
**Проф. д-р Митко Костадиновски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Бојан Владимир Симовски
**Институција:**
УКИМ - Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научни области: хортикултура (41007) и друго (41008), ботаника (10202) и екологија (10205)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: ботаника (10202) и екологија (10205), поле: биологија, подрачје: природно-математички науки и научна област: друго (41008), поле: шумарство и хортикултура, подрачје: биотехнички науки | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
